МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА
МАКЕДОНСКИ ILO/CIS КОЛАБОРАТИВЕН ЦЕНТАР

MACEDONIAN OCCUPATIONAL SAFETY AND HEALTH ASSOCIATION
MACEDONIAN ILO/CIS COLLABORATING CENTRE

МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА
Бр. 0302/67
14.05 2020 год
СКОПЈЕ

До

Министерство за здравство
Министерство за труд и социјална политика
Влада на РСМ

Предмет:

*Предлог дополненија и измени на Правилникот за листата на професионални болести и иницијатива за ревизија на Проценките на ризик на работните места следбено на опасноста од заразување со новиот корона вирус*

Скопје, 14.05.2020

Почитувани,

Следбено на новиот Правилник за листата на професионални болести објавен во Сл. Весник на СРМ број 118 од 7 мај 2020 година, точка 408 „Инфективни заболувања предизвикани од Коронавирус COVID -19 при превенција, здравствена заштита, домашна посета и други слични активности за кои е докажан ризикот од инфекција", би сакале да Ви ги потенцираме следниве недоследности:

1. Терминологијата која се користи е несоодветна за заболувањето и предизвикувачот на заболувањето,
2. Точката 408 е дискриминирачка и се однесува само за еден тесен дел од работната популација изложена на новиот корона вирус,
3. Основата за признавање на Професионалното заболување по точка 408 го занемарува Законот за безбедност и здравје при работа и не овозможува заклучокот за признавање на професионалното заболување да биде базиран врз основа на методологија за проценка на ризик на работното место, материја која е законски регулирана.

Востаничка бр.2 | П.Ф. 908 | 1000 Скопје, Македонија | Тел/Факс: 389 (0)2 2774 868
E-mail: kontakt@mzzpr.org.mk | Web: www.mzzpr.org.mk

# Образложение

## Точка 1.

Не постои „Коронавирус COVID -19“. Новиот корона вирус се нарекува САРС-КоВ-2. Заболувањето кое го предизвикува овој нов корона вирус е наречено COVID- 19 (**CO** – **CO**rona | **VI** – **VI**rus | **D** – **D**isease |, а 19 е годината кога е откриен, т.е 2019 година), а во македонската транскрипција се користи КОВИД-19.

## Точка 2.

Во новиот правилник се додава нова точка под број

*408 Инфективни заболувања предизвикани од Коронавирус COVID -19 при превенција, здравствена заштита, домашна посета и други слични активности за кои е докажан ризикот од инфекција*

Во делот каде што се објаснува кои се́ услови и критериуми треба да бидат исполнети за признавање на професионалните болести, за точката 408 стои:

*а) УСЛОВИ*

*Работникот (лекарите и другиот медицински персонал, ветеринарскиот персонал и другиот помошен персонал вработен во болници, лекувалиште, амбуланти и други здравствени организации во врска со негата на луѓето или во врска со работата на секцирање на трупови или со заразни материјали, работи што ги врши персоналот на научно-медицински лаборатории при работа со заразни материјали и персоналот при работа за сузбивање и научно-истражување на заразни болести) да работел на работи и работни места каде е можен контакт и изложеност со причинителот на болеста – позитивна работна анамнеза.*

Со дефинирање единствено на „лекарите и другиот медицински персонал, ветеринарскиот персонал и другиот помошен персонал вработен во болници, лекувалиште, амбуланти и други здравствени организации во врска со негата на луѓето или во врска со работата на секцирање на трупови или со заразни материјали, работи што ги врши персоналот на научно-медицински лаборатории при работа со заразни материјали и персоналот при работа за сузбивање и научно-истражување на заразни болести“, останатите работници кои работат на други професии, како што се:

- полицајци,
- судски работници,
- службеници кои овозможуваат сервисни услуги,
- соработници во колонијали, аптеки, малопродажба,
- работници во просветата и образованието,
- рудари,
- инженери,
- општи работници и др.

се доведени во дискриминирана состојба заради тоа што, иако аргументирано можат да бидат заразени од новиот коронавирус на работното место и да ја развијат КОВИД-19 болеста, истата нема да им биде признаена како професионално заболување, само заради тоа што во образложението на точката 408 стои дека работниците на кои им се признава ова професионално заболување се работниците од условно здравствениот сектор. Во светло на наведените услови останува потполно нејасно што е „медицински персонал“ и на кого се однесува овој термин, имајќи во предвид дека вработените во здравствениот сектор се категоризираат како:

- здравствени работници,
- здравствени соработници и
- немедицински персонал:

Следбено на ова, терминот „друг медицински персонал“ е несоодветен термин кој не соодветствува со Законот за здравствена заштита и истиот треба да се корегира.

---

*б) КРИТЕРИУМИ*

*Со или без клиничка слика на инфективното заболување (акутен, субакутен или хроничен стадиум), или состојба после прележана болест, дијагноза потврдена од специјалист за инфективни болести, дополнително потврдена со позитивен микробиолошки ПЦР тест за детекција на Коронавирусот COVID-19 од лабораторија која има дозвола, од соодветен надлежен орган, за изведување на ова тестирање.*

---

Критериумите се спротивни на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, каде за признавање на професионалната болест стои дека треба да има доказ за (негативно) влијание врз работната способност на работникот, а овде дури и асимптоматска форма на болеста, со позитивен ПЦР тест е доволен услов за признавање на професионалниот карактер на состојбата (со оглед дека нема болест)

### Точка 3.

Следбено на Законот за безбедност и здравје при работа, секое работно место има ризик по здравјето и безбедноста на вработените. Истиот тој ризик мора да биде оценет следбено на потврдена методологија и врз основа на оваа проценка на ризик да се оцени колкав е ризикот на соодветното работно место. Со не-оценувањето на ризикот на работното место на здравствените работници, но и на сите оние кои потенцијално би можеле да дојдат во ситуација да се заразат со новиот корона вирус и да се разболат од COVID – 19, не е возможно да се постави основата каде и како во работната средина се создадени условите за развивање на ова професионално заболување. Оттука, ниту еден вработен нема да може да го оствари ова свое право, т.е. COVID – 19 да им биде признаено за професионално заболување

## Предлог мерки

### Точка 1

Да се замени користењето на терминот „Коронавирус COVID -19“ со:

- САРС-КоВ-2, соодветниот термин кога се опишува вирусот и
- КОРОНА-19 соодветниот термин кога се опишува болеста.

### Точка 2

Признавањето на Професионалното заболување КОВИД-19, настанато од САРС-КоВ-2 вирусот, аплицирајте го на сите работници, т.е. работни места, следбено на воспоставените Услови и Критериуми во Правилникот за листата на професионални болести

### Точка 3

На национално ниво да се иницира ревизија на Проценките на ризик на сите работни места каде што има опасност од заразување со новиот корона вирус и врз основа на таа состојба да се утврди ризикот на работните места.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК